| Податоци за органот кој го изработува планскиот документ | |
|---|---|
| Назив на планскиот документ | Генерален урбанистички план за град Демир Капија, општина Демир Капија |
| Орган надлежен за изработка на планскиот документ | Агенција за планирање на просторот |
| Орган надлежен за донесување на планскиот документ | Министерство за транспорт и врски |

| Податоци за изработувачот на планскиот документ | |
|---|---|
| Име на лицето овластено за подготвување на планскиот документ | Иван Арсовски, дипл.инж.арх. |
| Назив на работното место | Самостоен планер |
| Контакт податоци за лицето | телефон: 075/402523 |

**Основни податоци за планскиот документ**

Од што произлегува донесувањето на планскиот документ? (пр. законска обврска или друга одредба)

Урбанистичко-планската документација со која се уредува предметниот плански опфат е Генерален урбанистички план за град Демир Капија, општина Демир Капија.

Истата се изработува согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр.32/20), Правилникот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РМ бр.225/20, 219/21) и врз основа на:

- Годишна програма за финансирање на изработка на урбанистички планови за 2018 година (Сл. Весник на РМ бр.16/18, 56/18, 73/18 и 212/18) точка 1.1;
- Годишна програма за финансирање на изработка на урбанистички планови за 2019 година (Сл. Весник на РМ бр.16/19, 107/19, и 248/19);
- Годишна програма за финансирање на изработка на урбанистички планови за 2019 година (Сл. Весник на РМ бр. 7/20) точка 1.29;
- Одобрена Планска Програма со потврда за заверка од Министерство за транспорт и врски со бр.24-4042/2 од 11.06.2020;
- Закон за спроведување на Просторниот план на Република Македонија („Сл.весник на РМ“ бр. 39/04);
- Закон за животна средина („Сл.весник на РМ“ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13 42/14, 44/15 129/15, 192/15, 39/16, 99/18, 89/22).

Дали се донесува нов плански документ или се вршат измени на постојниот?

Да X
Не

Доколку се врши измена на постоечки плански документ наведете го називот на стариот плански документ и причините за негово изменување?

Планскиот опфат, кој е предмет на уредување со оваа урбанистичко-планска документација бил предмет на планирање и уредување во минатото и тоа: Генерален урбанистички план за град Демир Капија (1999 – 2010).

За планска документација се издадени Услови за планирање на просторот за изработка на Генерален урбанистички план за град Демир Капија, општина Демир Капија со технички бр.Y20319, за кои е издадено Решение за Услови за планирање од Министерството за животна средина и просторно планирање бр.0804 -1087/2 од 10.12.2019 год.

Дали планскиот документ опфаќа област определена со член 65 став 2 од Законот за животна средина? Доколку одговорот е ДА наведете ја областа.

ДА – просторно и урбанистико планирање и користење со земјиштето.

Реализацијата на Генералниот урбанистички план ќе обезбеди унапредување на планскиот развој на градот, подобрување на урбаната структура, заштита на културните и природни вредности, како и заштита на животната средина.

Дали планскиот документ е определен со уредбата за стратегиите, плановите и програмите, вклучувајќи ги и промените на тие стратегии, планови и програми, за кои задолжително се спроведува постапка за оцена на нивното влијание врз животната средина и врз животот и здравјето на луѓето. Доколку е определен наведете ја точката и алинејата под која е определен. (пр. член 3, точка 1, алинеја 5)

| | | | |
|---|---|---|---|
| Да √<br>Не | Член: 3 | Точка: 13 | Алинеја: / |

Дали со планскиот документ се планира реализирање на проект што е предвиден со Уредбата за определување на проектите и критериумите врз основа на кои се утврдува потребата за спроведување на постапка за оцена на влијанието врз животната средина. Доколку одговорот е позитивен наведете за каков проект станува збор.

Да.

При реализација на објектите со класа на намена производство, дистрибуција и сервиси и проектите за инфраструктура, примарна улична мрежа ќе биде потребно да се подготват Елаборати за заштита на животна средина.

Дали планскиот документ опфаќа користење на мала област од локално значење како што е определено со член 65 став 3 од Законот за животна средина. Доколку одговорот е ДА,

| |
|---|
| наведете ја површината на областа и нејзиното значење. |
| Не. |
| Да се наведе целта на донесување на планскиот документ и да се опише клучната одлука која ќе се донесе. |
| Генерален урбанистички план за град Демир Капија, општина Демир Капија, која претставува основен развоен документ, има крајна цел преку:<br>– Да се изработи план кој ќе го дефинира јавното зеленило, коридорите за сообраќај и инфраструктура, земјиште за изградба на градби од јавен карактер, со што земјиштето би било долгорочно планирано и заштитено;<br>– Останатото земјиште да биде во режим на промени според развојот на градот, потребите на граѓаните, инвеститорите и тие промени (можат да бидат годишни) во воспоставена процедура согласно Закон со строго почитување на основната наменска употреба на земјиштето и заштита на животната средина;<br>– Со ваквиот пристап градот би имал соодветен одговор за одржлива визија и развој огласно потребите на граѓаните, потенцијалот на инвестициите и реалните можности на Градот. |
| **Предмет на планскиот документ. (пр. транспорт, планирање на просторот и сл.)** |
| Планирање на просторот. |
| **Периодот за донесување на планскиот документ.** |
| 2019 - 2029 година. |
| **Предвидено ревидирање на планскиот документ. Доколку е предвидено ревидирање, на колку години?** |
| 10 |
| Простор или област опфатени со планскиот документ. (пр. географска област, добро е да се прикачи мапа) |
| Градот Демир Капија се наоѓа во јужниот дел на РСМ, односно во југоисточниот дел на Тиквешката котлина пред Вардар да навлезе во Демиркаписката клисура. Општината лежи на координатите меѓу 220 00'' ширина и 410 15'' и 410 30'' должина. Просечната надморска висина е 105 м.н.в. Низ Демир Капија тече реката Бошава која се влева во реката Вардар. Градот е оддалечен 19 km јужно од Неготино, 29 km југоисточно од Кавадарци, 35 km северозападно од Валандово, 45 km северно од Гевгелија и 60 km југоисточно од Велес. Во општина Демир Капија живеат 4.545 жители со просечна густина на населеност од 14.1 жители/km$^2$. Предметната локација се наоѓа во централниот дел на РСМ југоисточно од градот Неготино и северозападно од градот Гевгелија. Непосредно покрај неговата североисточна страна минува магистралниот пат М1-Автопат "А1". Границата на планскиот опфат на ГУП Демир Капија е дефинирана како граница на урбаното подрачје на градот Демир Капија и зафаќа површина од 204,078 ha и се протега во границите помеѓу:<br>▪ на север и исток граничи со трасата на новиот автопат А1 Скопје – Гевгелија<br>▪ на запад по катастарски парцели, сообраќајница, граничи со плански опфат на план за земјоделско стопанство, УПВНМ за индустриска зона „Попова Кула", м.в. Долна Ергела, и УПВНМ за спорт и рекреација Лагот и Куријте;<br>▪ на југ, границата се движи по граници на катастарски парцели и границата на опфатот на актуелниот ГУП;<br>▪ на југоисток граничи со коритото на Река Вардар;<br>▪ на исток граничи со коритото на реката Вардар и појасот на магистралниот пат - автопат Е-75 – А1 |







Целите и/или предлог целите што треба да се постигнат со реализирањето на планскиот документ и дали истите се содржани во акт или документ.

Да √
Не

**Дали е приложена копија од целите?**

Да
Не √

**Резиме на влијанијата врз животната средина**

(Да се определи дали имплементацијата на планскиот документ ќе предизвика значително влијание врз животната средина, потребно е да ги пополните прашањата кои следат подолу како водич за определување на значителното влијание на ефектите врз животната средина, а кои се во согласност со Уредбата за критериумите врз основа на кои се донесуваат одлуките дали определени плански документи би можеле да имаат значително влијание врз животната средина и здравјето на луѓето.)

Реализацијата на ГУП за град Демир Капија ќе има влијание врз квалитет на воздух, емисии на бучава, генерирање на различни видови на отпад, квалитет на површински води.

Детали за сите очекувани влијанија и предлог на соодветни мерки за нивно намалување ќе бидат дадени во Извештајот за стратегиската оцена на животната средина.

| | |
|---|---|
| Веројатноста, времетраењето, фреквентноста и повратноста на влијанијата; | Влијанијата врз животната средина ќе бидат долгорочни, бидејќи ќе настанат промени во класата на намена на земјиштето што ќе доведе до перманентни измени кои ќе предизвикаат нови состојби во медиумите на животната средина. |
| Кумулативната природа на влијанијата врз животната средина и животот и здравјето на луѓето | Со реализација на ГУП за град Демир Капија се очекуваат значителни влијанија врз животната средина и врз здравјето на луѓето, поради генерирање на зголемени количини на отпад, зголемена бучава, нарушен квалитет на воздух, можни емисии во површински води. |
| Прекугранична природа на влијанијата; | Нема. |
| Ризиците по животот и здравјето на луѓето и животната средина (пр. како резултат на несреќи); | Се очекуваат незначителни влијанија во фазата на градба и при функционирањето на планираните објекти со различна намена врз здравјето на луѓето (бучава, вибрации, емисии во воздух од возила и прашина). |

<table>
<tr><td></td><td>Опасност од ризици врз здравјето на луѓето или животната средина може да се јават како резултат на несреќи, сообраќајни незгоди, експлозии, пожари, поплави и хаварии.</td></tr>
<tr><td>Опсег и просторниот обем на влијанијата (географска област и големината на популацијата која ќе биде засегната).</td><td>Површината на планскиот опфат изнесува 204,078 ha и засегнато ќе биде населението на град Демир Капија кое брои 3 777 жители според податоците од Пописот на населението, домаќинствата и становите спроведен во 2021 год.</td></tr>
<tr><td colspan="2">Потенцијалните економски и социјални влијанија кои би ги предизвикал планскиот документ како што се:</td></tr>
<tr><td colspan="2">Реализацијата на ГУП за Демир Капија ќе обезбеди поголема атрактивност на просторот, можност за развој на мали и средни претпријатија, можности за проширување на постоечките производни и услужни дејности, што директно ќе допринесе кон зголемување на бројот на вработени, зголемен стандард на населението, зголемување на приходите на локалната самоуправа, подобрување на комуналната инфраструктура и уреденост на просторот.</td></tr>
<tr><td colspan="2">Вредноста и ранливоста на областа која ќе биде засегната со донесување на планскиот документ:<br><br>Планот ќе ги дефинира идните решија за развој на градот во однос на организација на просторот, негова намена, користење и уредување. Предложените решенија ќе овозможат физичка, функционална, економска и естетска целина на градскиот простор кој ќе резултира со повисок квалитет на живеење и работа на граѓаните.<br><br>Донесувањето на планскиот документ ќе предизвика повисока организација и инфраструктурна опременост и уреденост на просторот, и зголемување на употребната вредност на земјиштето преку негова урбанизација.што ќе претставува фактор за афирмација на град Демир Капија како поволно место за живеење и инвестирање.</td></tr>
<tr><td>Посебни природни карактеристики или културно наследство</td><td>Согласно Студијата за заштита на природното наследство, изработена за потребите на Просторниот план на Република Македонија на просторот кој е предмет на разработка на Генерален урбанистички план за Град Демир Капија, Општина Демир Капија, влегува во заштитено природно наследство: ДЕМИР КАПИЈА (споменик на природата) и ЦРНИ ОРЕВИ (споменик на природата).<br>На подрачјето на катастарската општина Демир Капија, кое е предмет на анализа има регистриран со решение недвижен споменик на културата: Археолошки локалитет “Комплекс Демир Капија”, Демир Капија,праисторија до доцен среден век. Бандера Бошавица, храм и некропола од римското време. Некропола 1, некропола од железното време. Некропола 2 – Будур Чифлик, некропола од железното време. Рамниште, утврдена населба од железното и хеленистичкото време. Римски пат, остатоци од пат од римското време на северниот крај од секторот Манастир е зачуван дел од пат во должина од 20m. Црквиште, старохристијанска базилика со некропола и средновековна црква со некропола на десната страна на стариот магистрален пат Велес – Гевгелија.</td></tr>
<tr><td>Надминувањата на стандардите за квалитет на животната средина или граничните вредности</td><td>Предвидените содржини во рамки на ГУП ќе доведат до генерирање на зголемени количини на отпад, зголемена бучава, нарушен квалитет на воздух, можни емисии во површински води.</td></tr>
</table>

| | |
|---|---|
| **Интензивна употреба на земјиштето** | Со ГУП за град Демир Капија се предвидуваат следните содржини: *домување* (А) – 84.405 ha, *комерцијални и деловни намени* (Б) - 13.064 ha, *јавни функции* (В) – 6.119 ha, *производство, дистрибуција и сервиси* (Г) – 56.277 ha, *зеленило, спорт, рекреација и меморијални простори* (Д) – 15.889 ha, *инфраструктура* (Е) – 8.460 ha, *примарна улична мрежа* (ПУ) – 8.850 ha, *Железница* (Ж) – 3.833 ha, *река* (Е1) – 7.452 ha. |
| **Влијанијата врз областите или пејсажите кои имаат признат статус на национални или меѓународни заштитени подрачја.** | Како локалитети кои имаат признат статус на национални заштитени подрачја во рамки на планскиот опфат евидентирани се следните локалитети: ДЕМИР КАПИЈА (споменик на природата) и ЦРНИ ОРЕВИ (споменик на природата). |

**Објаснете го степенот до кој планскиот документ поставува рамка за спроведување на проекти и други активности, во однос на локацијата, природата, големината и условите за работа или според одредувањето на ресурсите:**

Според законските барања за одредени објекти (производство, дистрибуција и сервиси; инфраструктура) кои влегуваат во состав на ГУП потребно е да се изработи Елаборат за заштита на животна средина.

Според законските барања за дел од објектите кои се предвидени за дејност производство ќе биде потребно да се поднесе барање за добивање на А ИЕД или Б ИЕД до МЖСПП/општина Демир Капија.

**Објаснете ја околината во близина на проектот односно активноста која се планира да се спроведе со планскиот документ од аспект на можни влијанија врз животната средина. (пр. планот предвидува изградба на резиденцијални објекти во близина на индустриска зона, објаснете дали индустриската зона ќе има влијание врз животната средина на планираните резиденцијални проекти):**

Границата на планскиот опфат на ГУП Демир Капија е дефинирана како граница на урбаното подрачје на градот Демир Капија и зафаќа површина од 204,078 ha и се протега во границите помеѓу:

- на север и исток граничи со трасата на новиот автопат А1 Скопје – Гевгелија
- на запад по катастарски парцели, сообраќајница, граничи со плански опфат на план за земјоделско стопанство, УПВНМ за индустриска зона „Попова Кула", м.в. Долна Ергела, и УПВНМ за спорт и рекреација Лагот и Куријте;
- на југ, границата се движи по граници на катастарски парцели и границата на опфатот на актуелниот ГУП;
- на југоисток граничи со коритото на Река Вардар;
- на исток граничи со коритото на реката Вардар и појасот на магистралниот пат - автопат Е-75 – А1.

**Објаснете ја важноста на планскиот документ за вклучување на аспектот на заштита на животната средина особено во поглед на промовирањето на одржливиот развој: (Да се наведе дали обемот на планскиот документ придонесува кон одржливоста и намалување на еколошките проблеми. Пр. еден инфраструктурен план може да има поголеми влијанија врз животната средина отколку некој образовен план на наставните планови)**

Од особено значење и со висок приоритет е заштитата на животната средина при изработка на развојните решенија во рамки на ГУП при одредување на класите на намена на земјиште да не се предизвика нарушување на состојбата во медиумите на животната средина, бидејќи истото ќе доведе до последици и по здравјето на локалното население како и по загрозување на растителниот и животински свет (особено локалните ретки видови).

Идниот просторен развој на Град Демир Капија е потребно да ја зема во предвид и неговата

географска положба како важен параметар и за предвидување на можните влијанија врз животната средина во однос на планираните класи на намена на земјиштето.
Симбиозата на овие аспекти и нивното навремено идентификување ќе обезбеди предуслови за одржување на квалитет на животна средина без нарушување на граничните параметри, што ќе доведе до задржување на младата популација во Демир Капија и намалување на миграцијата, можности за оджрлив развој на градот преку искористување и на поволните климатски карактеристики на подрачјето.

**Кои еколошки проблеми се релевантни за планскиот документ. Опишете зошто истите се релевантни и опишете ја нивната природа и сериозност.**
**(Објаснете ги проблемите кои спроведувањето на планскиот документ може да ги предизвика или да доведе до нивно зголемување, проблемите кои може да го забават неговото спроведување, како и проблеми кои спроведувањето на планскиот документ може да ги реши или намали.)**
Како релевантни еколошки проблеми кои би настанале од реализација на ГУП за град Демир Капија се: нарушен квалитет на воздух, можни емисии во површински води, генерирање на зголемени количини на различни видови на отпад, зголемена бучава, фрагментација на одредени видови на фауна.

**Објаснете како планскиот документ кој е предмет на разгледување е поврзан со друг/и плански документ/и во хиерархијата на планирање. Наведете го називот на тој/тие плански документ/и и наведете ги клучните влијанија на тие плански документи врз животната средина.Определете ги разликите во клучните одлуки што се носат со предметниот плански документ и другите плански документи кои биле или ќе бидат предмет на оцена.**
Основа за изготвување на овој плански документ се Услови за планирање на просторот за изработка на Генерален урбанистички план за град Демир Капија, општина Демир Капија со технички бр.Y20319, за кои е издадено Решение за Услови за планирање од Министерството за животна средина и просторно планирање бр.0804 -1087/2 од 10.12.2019 год., а изготвени од страна на Агенцијата за планирање на просторот.
При подготовка на Извештајот за Стратегиска оцена на влијание на планот врз животната средина ќе се земат во предвид националните стратешки документи, како и документи донесени од локалната администрација (Национален План за управување со отпад 2021-2031 на РМ, Закон и Стратегија за климатска акција, Национална Стратегија за одржлив развој, Програма за развој на Вардарски плански регион 2021-2026, Стратегија за економски развој на Град Демир Капија, Локален еколошки акционен план (ЛЕАП) за Демир Капија и други национални, регионални и локални плански документи.

**Доколку потенцијалните влијанија на клучните одлуки во планскиот документ веќе биле предмет на оцена или веќе биле разгледани во други плански документи во некоја поранешна фаза, резимирајте ги главните заклучоци на таа оцена и како тие заклучоци се користени во процесот на одлучување. Опишете дали претхоходно спроведената оценка е направена согласно најновите сознанија за влијанијата врз животната средина со цел да може истата да се користи во процесот на усвојување на постоечкиот плански документ.**
Опфатот не бил разгледуван во друг плански документ и за истиот нема претходно спроведено стратегиска оцена.

**Доколку потенцијалните влијанија од клучната одлука во овој плански документ ќе биде оценета во некоја подоцнежна фаза на планирање на пониско ниво, наведете како ќе обезбедите влијанијата што се утврдени во оваа фаза на донесување на планскиот документ да се земат во предвид при носењето на одлуката во подоцнежната фаза (пр. се спроведува стратегиска оцена на урбанистички план во кој се предвидува изграба на објект кој подлежи на постапка на оцена на влијанието врз животната средина).**
Бидејќи планскиот документ претставува ГУП потребно е при негова реализација да се обрне внимание на заштитата на животната средина од аспект на инфраструктурна уреденост, емисии во воздух, одведување на отпадни води, емисии на бучава и управувањето со отпад,

| | | |
|---|---|---|
| како и заштита на природни реткости. Потенцијалните влијанијата од функционирањето на објектите со намена производство, дистрибуција и сервиси во предметниот опфат ќе бидат детално опишани во Елаборатите за заштита на животна средина или во А/Б Интегрираната еколошка дозвола која треба да ја обезбедат Операторите на објектите. | | |
| ИЗЈАВА | Изјавуваме дека податоците дадени во овој формулар се точни, вистинити и комплетни. | |
| **Функција, име и презиме и потпис на лицето кој го носи планскиот документ во име на органот** | | Министер<br>Благој Бочварски |
| Бр. 21-4267/1<br>Датум 08.02.2017 година<br>Место: Скопје | | М.П. |